Уп. бр. 08-59

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Алвин Интернатионал АГ (Allwyn International AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, и шест физички лица од Германија, и тоа: Јоханес Стегмајер (Johannes Stegmaier), Равенсбург, Германија, Винфрид Руди Сторц (Winfried Rudi Storz), Вајнгартен, Германија, Даниел Вебер (Daniel Weber), Маркдорф, Германија, Кристиан Вебер (Christian Weber), Маркдорф, Германија, Др. Оливер Стефан Сторц Сторц (Dr. Oliver Stefan Storz), Вајнгартен, Германија и Хуберт Манфред Дојч (Hubert Manfred Deutsch), Ридлинген, Германија, преку Адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 03.04.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Алвин Интернатионал АГ (Allwyn International AG), со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, и шест физички лица од Германија, и тоа: и Јоханес Стегмајер (Johannes Stegmaier), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Банегштрасе 82, 88214 Равенсбург, Германија, Винфрид Руди Сторц (Winfried Rudi Storz), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Бергштрасе 28, 88250 Вајнгартен, Германија, Даниел Вебер (Daniel Weber), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Цум Бургстал 2, 88677 Маркдорф, Германија, Кристиан Вебер (Christian Weber), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Шилерштрасе 15, 88677, Маркдорф, Германија, Др. Оливер Стефан Сторц Сторц (Dr. Oliver Stefan Storz), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Алтдорферштрасе бр. 7, 88250 Вајнгартен, Германија, и Хуберт Манфред Дојч (Hubert Manfred Deutsch), германски државјанин, со моментално живеалиште на адреса Панорамавег 32, 88499, Ридлинген, Германија,, стекнуват заедничка контрола над Некст Лото ГмбХ (Next Lotto GmbH), со регистрирано седиште на адреса Рајхенауштрасе 39 А, 78467 Констанц, Германија**,** иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да платиадминистративна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 10.03.2025 година, а дополнето на 19.03.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Алвин Интернатионал АГ, со регистрирано седиште на адреса Мухленплац 9, 6004, Луцерн, Кантон Луцерн, Швајцарија, и шест физички лица од Германија, и тоа: Јоханес Стегмајер Равенсбург, Германија, Винфрид Руди Сторц Вајнгартен, Германија, Даниел Вебер , Маркдорф, Германија, Кристиан Вебер, Маркдорф, Германија, Др. Оливер Стефан Сторц Сторц , Вајнгартен, Германија и Хуберт Манфред Дојч , Ридлинген, Германија, со која Алвин Интернатионал АГ и шест физички лица од Германија стекнуват заедничка контрола над Некст Лото ГмбХ со регистрирано седиште на адреса Рајхенауштрасе 39 А, 78467 Констанц, Германија**,** по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Алвин Интернатионал АГ** е 100% зависно друштво на Алвин АГ (Allwyn AG), холдинг друштво основано во Швајцарија, кое стекнува и управува со удели во компании од индустријата на игри и е друштво-мајка на Алвин Групацијата (Allwyn Group).

Алвин Групацијата е мултинационален оператор на лотарија со значително присуство во Австрија, Чешката Република, Грција, Кипар, Италија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави (Илиноис), и истата крајно е поседувана од ККЦГ Групацијата (KKCG Group).

ККЦГ Групацијата инвестира во повеќе бизнис области, вклучително лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности, и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот на работење со терминали за видеолотарија и пазарот на информатичка технологија, и ги има следните зависни друштва во Северна Македонија:

- КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- Државна Видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа ДОО Скопје, со приоритетна дејност Дејности на коцкање и обложување;
- КИНШИФТ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив Сеавус ДООЕЛ Скопје), со приоритетна дејност Компјутерско програмирање;
- КИНШИФТ АКАДЕМИ ДООЕЛ Скопје (со претходен назив СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје);
- МУСАЛА СОФТ ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност Компјутерско програмирање.

Алвин Интернатионал АГ контролата ќе ја стекне заеднички со шест физички лица од Германија, и тоа:

- Јоханес Стегмајер (Johannes Stegmaier), Равенсбург, Германија,,
- Винфрид Руди Сторц (Winfried Rudi Storz), Вајнгартен, Германија,
- Даниел Вебер (Daniel Weber), Маркдорф, Германија,
- Кристиан Вебер (Christian Weber), Маркдорф, Германија,
- Др. Оливер Стефан Сторц Сторц (Dr. Oliver Stefan Storz), Вајнгартен, Германија, и
- Хуберт Манфред Дојч (Hubert Manfred Deutsch), Ридлинген, Германија.

Ниту едно од овие физички лица не е активно на пазарот на Северна Македонија, ниту директно, ниту преку сопственост на трговско друштво.

**Некст Лото ГмбХ**, со регистрирано седиште на адреса Рајхенауштрасе 39 А, 78467 Констанц, Германија. Истото е активно во областа на онлајн лотариски услуги во Германија, им овозможува на играчите да ги купуваат нивните билети за лотариски игри онлајн, и им нуди опредлени дополнителни услуги.

Некст Лото ГмбХ, нема зависни друштва во Северна Македонија и на ниту еден начин не е активно на пазарот на Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2)  од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 (б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**